Република Македонија ЈАВНА УСТАНОВА
ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА
БАЊА БАНСКО СТРУМИЦА
Бр. 04-710/2
02.10.2018 год.

Врз основа на член 110-е од Законот за социјалната заштита (Службен Весник на Република Македонија бр.79/09, 36/11,51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14, 116/14, 180/14, 33/15, 77/15, 104/15, 150/15, 173/15, 192/15, 30/16, 163/17, 51/18) и член 6 став 2 и став 3 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен Весник на Република Македонија бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18)и Правилникот за измена и дополнување на Правлникот за систематизација на работните места со бр. 02-09/35 од 02.04.2018г., Правилникот за измена и дополнување на Правлникот за систематизација на работните места бр.02-09/67 од 17.08.2018г. и Правилникот за формата и содржината на интерен оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административна селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот огласот (Сл.весник на РМ бр. 11/2015) Согласност бр.18-1404/3 од 20.02.2018г. од Министерството за финансии на РМ и Согланост бр. бр.18-9575/2 од 16.08.2018г. од Министерството за труд и социјална политика, Директорот на ЈУ Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско објавува

# ИНТЕРЕН ОГЛАС БР 1/2018

## ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ДАВАТЕЛИ НА ЈАВНИ УСЛУГИ ВО ЈУ ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА БАЊА БАНСКО

1.Се објавува интерен оглас за унапредување на –давател на јавни услуги за следното работно место.

**01. СО30303А06013– Здравствен работник – 1 извршител**

**Посебни услови** утврдени со Законот за социјалната заштита за давателите на услугите во областа од социјалната заштита од категоријата А - стручни се:

- Стручни квалификации и работно искуство и тоа:
За нивото А6 стекнати 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен, без, или со најмалку една година работно искуство во областа на социјалната заштита.

Кандидатите кои аплицираат на интерниот оглас треба да ги исполнуваат и следниќе **општи услови:**

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и

-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност

-Да е на работно место на непосредно пониско ниво од работното место закое бил објавен огласот.

-Да поминал најмалку две години во тековното работно место

-Да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Работно време во две смени : Прва од 7,00 до 15,00 часот. Втора од 14,00 до 22,00 часот. Работни денови од понеделник до петок. Работни часови неделно 40. Износ на нето плата: 23.871,00 ден.

Огласот ќе биде објавен на веб страната на ЈУ Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско и на оглсна табла.

**2.**Се објавува интерен оглас за унапредување –давател на јавни услуги за следното работно место.

**01. СОЗ0303Б02003 – Физиотерапевт – 1 извршител**

**Посебни услови** утврдени со Законот за социјалната заштита за давателите на услугите во областа од социјалната заштита од категоријата Б- помошно стручни се:
- За ниво Б2 најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование.

Кандидатите кои аплицираат на интерниот оглас треба да ги исполнуваат и **следните општи услови**:

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и

-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност

-Да е на работно место на непосредно пониско ниво од работното место закое бил објавен огласот.

-Да поминал најмалку две години во тековното работно место

-Да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Работно време во две смени : Прва од 7,00 до 15,00 часот. Втора од 14,00 до 22,00 часот. Работни денови од понеделник до петок. Работни часови неделно 40. Износ на нето плата: 15.059,00 ден.

Огласот ќе биде објавен на веб страната на ЈУ Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско и на оглсна табла.

3. Кандидатите потребно е да поднесат пријава на службената електронска адреса на установата и пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата и истата преку архивата на ЈУ Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско ја доставува во писмена форма секој работен ден од 07 до 15 часот со назнака ,,За интерен оглас,, бр.1/2018година.

4.Рокот за поднесување на пријавата со доказите трае 5 дена од денот на објавувањето на огласот.

5.Ненавремена, нецелосна и неуредно пополнета пријава, нема да биде предмет на разгледување.

6.Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни а доставените докази верни на оригиналот.

Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата или за кој се утврди дека внел лажни податоци ќе биде дискфаликуван од натамошна постапка по овој оглас.

Директор
Дипл.дефектолог Стојанка Изова